Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 58, 15 април 2011 година

април 2011 година
Штип

СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област нефрологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје градежништво и водостопанство на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област методика на англиски јазик и методика на литературата на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област хигиена на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 23

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕТОДИКА НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК И МЕТОДИКА НА ЛИТЕРАТУРАТА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

На својата 35-та редовна седница, одржана на 30.3.2011 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор на еден ***наставник во сите звања*** за наставно-научната област ***методика на англиски јазик и методика на литературата*** на Филолошкиот факултет. Врз основа на поднесените документи по објавениот Конкурс, на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип му го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот објавен на 18.3.2011 година во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *методика на англиски јазик и методика на литературата* на Филолошкиот факултет во Штип се пријави само еден кандидат – д-р Нина Даскаловска.

***Биографски податоци***
Кандидатката **д-р Нина Даскаловска** е родена на 9 мај 1965 година во Струмица, каде завршува основно и средно образование. Во 1983 година се запишува на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на Катедрата за англиски јазик и книжевност, наставна и преведувачка насока, а дипломира во 1987 година.

По дипломирањето една година работи како преведувач во Македонска радио телевизија (МРТ) - Скопје, наредната година работи како наставник по англиски јазик во ОУ „Кирил и Методиј“ во Тетово, а од 1989 година до октомври 2008 година е вработена како наставник по англиски јазик во СОУ „Јане Сандански“ во Струмица. Од ноември 2008 година е вработена како помлад асистент по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во 2005 година се запишува на постдипломски студии по применета лингвистика и настава по англиски јазик на Универзитетот Нотингем во Велика Британија, а во 2007 ја одбранува магистерската тема под наслов ***„Литературата во наставата по странски јазици: Јазичен пристап кон обработка на романот ‘Кон светилникот’“,*** со што се здобива со научен степен **магистер по применета лингвистика и настава по англиски јазик.**

Во 2008 година ја пријавува темата за изработка на докторска дисертација со наслов ***„Усвојување на вокабуларот на англискиот како странски јазик во Р. Македонија преку екстензивно читање“*** на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, која успешно ја одбранува на 22 февруари 2011 год. и се здобива со научен степен **доктор по филолошки науки.**

Во текот на својата работа како наставник по англиски јазик учествува на бројни семинари и советувања по англиски јазик за наставниците од основното и средното образование, како и во други проекти и обуки за унапредување на наставниот процес, од кои поважни се: СЕА проектот за наставници-обучувачи за интерактивни методологии на учење и подобрување на оценувањето во училиштето (2005 – 2008 година), како и Е-школо проектот за професионален развој и интеграција на информатичката технологија во наставата (2004 - 2005 година). Како резултат на завршените обуки, Министерството за образование и наука ја ангажира како наставник-обучувач за спроведување на обуки за наставници од основното и средното образование за интерактивни методологии на учење и подобрување на оценувањето во училиштето, како и обуки за основни компјутерски вештини и интеграција на информатичката технологија во наставата.

Член е на неколку професионални организации, меѓу кои IATEFL -Меѓународна асоцијација на наставници по англиски јазик и ЕЛТАМ – Асоцијација на наставници по англиски јазик на Република Македонија.

***Наставно-образовна активност***

Д-р Нина Даскаловска успешно ги извршува своите наставни активности како помлад асистент по предметите Современ англиски јазик 1 (0+8), Современ англиски јазик 2 (0+8), Современ англиски јазик 1 (2+2+1), Современ англиски јазик 2 (2+2+1), Современ англиски јазик 3 (2+2+1), Теорија на методика на наставата по англиски јазик 1 (2+1), Историја на англискиот јазик (2+1), Англиски јазик 1 за групата - Германски јазик и книжевност (0+4), Англиски јазик 2 за групата - Германски јазик и книжевност (0+4), Лекторски вежби 1 на Педагошки факултет (2+2), Лекторски вежби 2 на Педагошки факултет (2+2), Англиски јазик 1 (1+1+1) на Факултетот за информатика – дисперзирани студии во Струмица, Англиски јазик 2 (1+1+1) на Факултетот за информатика – дисперзирани студии во Струмица, Англиски јазик 1 (2+2) на Земјоделскиот факултет – дисперзирани студии во Струмица, Англиски јазик 1 (1+1+1) на Економскиот факултет – дисперзирани студии во Струмица, Англиски јазик 2 (1+1+1) на Економскиот факултет – дисперзирани студии во Струмица, Англиски јазик 3 (1+1+1) на Економскиот факултет – дисперзирани студии во Струмица.

***Објавени научни и стручни трудови***

Резултатите од научната и стручната активност на кандидатката се презентирани на домашната и странската научна јавност преку следниве научни и стручни трудови:


1. **Daskalovska, N.** (2011). Learning vocabulary from reading-while-listening to an authentic text. In Pattison, T. (Ed.). *IATEFL 2010 Harrogate Conference Selections*. Kent: IATEFL.
2. **Daskalovska, N.** (2010). Acquiring vocabulary through reading: A replication of the Golden Fleece study. *The 6th International ELT Research Conference*. *Conference Proceedings: Current Trends in ESL Research and Language Teaching*. Selcuk-Izmir, Turkey: Nobel Yayin Dagitim.
3. **Daskalovska, N.** (2010).Using corpora to teach collocations. In Beaven, B. (Ed.). *IATEFL 2009 Cardiff Conference Selections*. Kent: IATEFL.
4. **Даскаловска, Н.** (2010). Екстензивното читање во функција на усвојување на вокабуларот на странските јазици. *Литературен збор* (во печат).
5. **Даскаловска, Н.** (2010). Литературата во наставата по англиски јазик. *Годишен зборник на Филолошки факултет*, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.
6. **Даскаловска, Н.** (2010). English Language Teaching Methodology: Methods and Approaches – интерна скрипта од предавања. Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, стр. 176.
7. **Daskalovska, N.**, Ivanovska, B. (2010). Can corpora help EFL learners improve their knowledge of collocations? *Proceedings of scientific papers: Innovative trends in foreign language teaching within the framework of higher education in Europe*. University of Trencin, Slovakia.
8. Ivanovska, B., **Daskalovska, N.** (2010). Listening comprehension as an interaction of different factors in foreign language taching. *Proceedings of scientific papers: Innovative trends in foreign language teaching within the framework of higher education in Europe*. University of Trencin, Slovakia.
9. **Даскаловска, Н.** (2010). A History of the English Language - интерна скрипта од предавања. Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, стр. 118.
10. **Даскаловска, Н.** (2010). A History of the English Language - интерна скрипта од вежби. Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, стр. 187.
11. **Даскаловска, Н.** (2009). Метод на учење на странски јазици преку задачи. *Литературен збор*, бр. 1-3, стр. 95-103.
12. **Daskalovska, N.** (2009). Corpus-based Activities in the EFL Classroom. *International Scientific Conference – Lingua Summit 2009*, Trencin, Slovakia.
13. **Даскаловска, Н.** (2009). Ликот на хуманистичкиот наставник. *Списание за теорија и практика „Воспитание“*, Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.

14. **Даскаловска, Н.** (2006). Комуникативни приоди во наставата по англиски јазик. *Образовни рефлексии*, бр. 3-4, стр. 63-68.
15. **Даскаловска, Н.** (2005). Хуманизмот во наставата по англиски јазик. *Образовни рефлексии*, бр. 4, стр. 35-41.

***Учество на меѓународни конференции***

Кандидатката д-р Нина Даскаловска учествува на повеќе меѓународни конференции:

1. **Daskalovska, N.** (2011). The impact of reading on three aspects of word knowledge: spelling, meaning and collocation. 3rd World Conference on Educational Sciences, 3th – 7th February 2011, Istanbul, Turkey.
2. **Daskalovska, N.** (2010). Incidental vocabulary learning from reading-while-listening to an authentic text. 44th International IATEFL Conference, Harrogate, UK, 7th-11th April 2010.
3. **Daskalovska, N.** (2010). Acquiring vocabulary through reading: A replication of the Golden Fleece study. 6th International ELT Research Conference, Selcuk-Izmir, Turkey, 14th-16th May 2010.
4. **Daskalovska, N.** (2009). Corpus-based Activities in the EFL Classroom. 43th International IATEFL Conference, Cardiff, UK, 31st March-4th April 2009.

***Учество во проекти и обуки***

Д-р Нина Даскаловска учествува во поголем број проекти и обуки за унапредување на наставниот процес:

1. ТЕМПУС проект – „Национална рамка за квалификации“ (2010)
2. Универзитет Орегон, САД: Десет-неделна обука преку Интернет “Building Teaching Skills Through the Interactive Web”, 11 јануари - 19 март 2010;
3. Проект за модернизација на образованието (2008);
4. СЕА проект за подобрување на оценувањето во училиштето (2007);
5. СЕА проект: „Интеграција на информатичка технологија во наставата“ (2006);
6. СЕА проект: „Основни компјутерски вештини“ (2006);
7. СЕА проект за обука на наставници-обучувачи за интерактивни методологии на учење (2005);
8. Е-школо проект за професионален развој и интеграција на информатичката технологија во наставата (2005);
9. УСАИД проект за креирање и одржување на училишни веб-страници со помош на програмата МАМБО (2005);
10. World Learning проект за обука на наставници за фасилитаторски вештини (2005).
11. Macedonian CARE project: Community awareness of Regional English (2005).
12. British Council – A.S. Hornby Educational Trust: Професионална обука „Using computers in the Intercultural Studies Classroom”, 29 јуни – 11 јули, 2003, Пардубице, Република Чешка.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката д-р Нина Даскаловска спроведува повеќе обуки за унапредување на наставата во основното и средното образование:

1. Обука за подобрување на оценувањето во училиштето на ниво на училиште (2008);
2. Обука за интерактивна наставна методологија на ниво на училиште (2007);
3. Обука за „Интеграција на информатичка технологија во наставата“ за наставници од средното и основното образование (2006);
4. Обука за „Основни компјутерски вештини“ за наставници од средното и основното образование (2006);
5. Четири три-дневни обуки за наставници од средното образование според Програмата за дисеминација во рамките на СЕА проектот за интерактивни методологии на учење (2005-2006).

Кандидатката д-р Нина Даскаловска повеќе пати е член на комисија за реализирање на регионални натпревари по англиски јазик.

Д-р Нина Даскаловска е член на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, како претставник од соработниците на Факултетот.

Од наставно-образзновна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност, кандидатката д-р Нина Даскаловска има освоено вкупно 137,3 поени.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за досегашната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна работа на кандидатката, Рецензентската комисија заклучува дека д-р Нина Даскаловска во целост ги исполнува сите суштински и законски критериуми за избор во наставник во сите звања предвидени според Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Имено, кандидатката има наставно искуство како наставник по англиски јазик во средното образование и како помлад асистент на Филолошкиот факултет во Штип, има објавено голем број научни и стручни трудови во земјава и во странство, а исто така учествува на голем број конференции, семинари и обуки за наставници по англиски јазик и спроведува обуки за наставници во основното и средното образование, што секако потврдува дека д-р Нина Даскаловска се афирмира како истакнат работник во својата професија.

Земајќи ги предвид сите овие факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип, **кандидатката д-р Нина Даскаловска да биде избрана во звањето *доцент за наставно-научната област методика на англиски јазик и методика на литературата* на Филолошкиот факултет.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Анжела Николовска – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Екатерина Бабамова – член, с.р.**
**Проф. д-р Виолета Димова – член, с.р.**

## ПРИЛОГ

**Табела за вреднување на активностите на д-р Нина Даскаловска според критериумите дадени со Правилникот за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Интерна скрипта од предавања | 2 | 4 | 8 |
| Интерна скрипта од вежби | 1 | 2 | 2 |
| Раководител на студент или ученик во учество на студентска или ученичка манифестација | 5 | 1 | 5 |
| Член на комисија на ученички или студентски натпревари | 5 | 0,5 | 2,5 |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 49 | 0,2 | 9,8 |
| Статија во наставно-образовно списание (под реден бр. 4, 11, 13, 14, 15) | 5 | 4 | 20 |
| | | | **47,3** |
| **Научноистражувачка дејност (НИ)** | | | |
| Трудови со оригинални научни резултати објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) (под реден бр. 1, 2, 3, 5) | 4 | 6 | 24 |
| Учество на научен собир со реферат (усно) | 4 | 2 | 8 |
| Одбранета докторска теза | 1 | 8 | 8 |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Учество во научен проект | 3 | 2 | 6 |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 4 | 1,5 | 6 |
| | | | **64** |
| **Стручно-апликативна и организациони-развојна дејност (САОР)** | | | |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (под реден бр. 7, 8, 12) | 3 | 3 | 9 |
| Учесник во научен проект | 3 | 5 | 15 |
| Член на факултетски орган/комисија | 1 | 2 | 2 |
| | | | **26** |
| **Вкупно поени** | | | **137,3** |